РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1099/9
20-09-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и втората седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Анета Симеска Димоска поради постапување на надлежен орган.

Предметот со број 09-1099/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1099/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси при постапка за именување на лицето Жарко Симески на позиција Директор на Здравствен дом – Македонски Брод. Именуваното лице е брат на пратеник Анета Симеска Димоска.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси при постапка за именување на лицето Жарко Симески.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерство за здравство, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 17 септември 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи добиени во постапката, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, бидејќи по истиот предмет во тек е постапка пред надлежен орган до кој Државната комисија има доставено известување за своето постапување.

Исто така во текот на постапување на предметот, добиени се сознанија дека во Јавни здравствени установи е практика повеќекратното назначување на Вршител на должност, без распишување на конкурс за именување на директор, по што од Министерство за здравство беа побарани податоци за постапката за начинот за назначување на Вршителите на должност во истите здравствени установи како и да ги образложат причините за повеќекратното назначување на Вршител на должност во јавните здравствените установи. Согласно информации добиено од Министерството за здравство, немањето доволен број на лица со положен испит за директори е главната причина за именување на вршители на должности, директори на ЈЗУ, наместо избор на директор на ЈЗУ врз основа на јавен конкурс распишан од Управниот одбор на ЈЗУ согласно член 107 и 108 од Законот за здравствена заштита. Но со измените на Законот за здравствената заштита со бр. 153/2019 од 26.07.2019 година, условот, кандидатите за директор да го имаа положено Испитот за директор е избришан. Со тоа е надмината пречката за да се спроведе соодветна постапка за избор на директор согласно член 107 од Законот за здравствена заштита.

Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 09-1099/8.**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Владимир Георгиев**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk